РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-419/4
20.11. 2024 год.-viti
Скопје-Shkup

Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" СКОПЈЕ
ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: | 25-11-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 2222 | /1 | |

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 16 седница одржана на 04.11.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Металургија", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Технолошко - металуршки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Металургија", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Технолошко - металуршки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2024/2025 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на технички науки /во меѓународен промет академски назив: Doctor of Technical Sciences, PhD.

Научно - истражувачко подрачје: 2 Инженерство и технологија; Научно – истражувачко поле: 2.11. Друго (останато) инженерство и технологии, 2.04. Хемиско инженерство, 2.05. Инженерство на материјали, 2.10. Нанотехнологија, Сите области од 2.10. Научно - истражувачко област: 2.11.07. Металургија, 2.04.00.03. Анализа и синтеза на процеси, 2.04.00.04. Математичко моделирање на процеси, 2.04.00.07. Дизајн, проектирање и менаџмент на технолошки процеси, 2.04.00.08. Регулација и управување со технолошки процеси, 2.04.00.10. Електрохемиско инженерство, 2.05.00.03. Метални материјали, 2.05.00.06. Наноматеријали, Сите области од 2.10Сите области од 2.11.07.

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф. д-р Ружица Манојловиќ, проф. д-р Дафинка Стоевска – Гоговска, проф. д-р Свето Цветковски, проф. д-р Благој Ризов, проф. д-р Драгица Чамовска, проф. д-р Перица Пауновиќ, проф. д-р Александар Димитров, проф. д-р Горан Начевски, проф. д-р Мирко Маринковски, проф. д-р Бети Андоновиќ, проф. д-р Стефан Кувенџиев .

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02-517/4 од 29.03.2024 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Металургија", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Технолошко - металуршки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 08-1003/2 од 22.05.2024 година (наш бр. 08 - 419/1 од 31.05.2024 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 14-та седницата одржана на 30.09.2024 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 419/3 од 19.11.2024 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 16-та седница одржана на 04.11.2024 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски